**Известување за концентрација со која ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, Хрватска и„АСНОВА ХОЛДИНГ украина стекнуваат заедничка контрола над„САВ 92“, Украина**
**(предмет бр. 08-110/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 19.07.2023 година, а дополнето на 31.07.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на заедничка контрола од ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска, и Акционерско друштво во приватна сопственост „АСНОВА ХОЛДИНГ“, со седиште на улица Микола Краснова бр. 27, Киев, 03115, Украина, над Акционерско друштво во приватна сопственост „САВ 92“, со седиште на улица Миколи Краснова бр. 27, Киев, 03115, Украина.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ОРБИКО ДОО за трговија Загреб** Главен предмет на работењето на ОРБИКО ДОО за трговија Загреб е трговија на големо и истовремено истото е застапник и дистрибутер на територијата на Република Хрватска за голем број на брендови кои се движат од производи за нега и убавина, прехрамбени и непрехрамбени производи, технички и електрични апарати, лекови, играчки, текстил, цигари, моторни масла и многу други производи.

ОРБИКО ДОО за трговија Загреб има едно поврзано друштво во Република Северна Македонија: Друштво за трговија и услуги ОРБИКО ДОО Скопје, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 286, Скопје. Главен предмет на работењето на ОРБИКО ДОО Скопје е неспецијализирана трговија на големо и истовремено е застапник и дистрибутер на територијата на Република Северна Македонија за голем број на брендови на прехрамбени производи, моторни масла, батерии, парфеми, тоалетни води и дезодоранси, декоративна козметика, производи за лична хигиена, производи за нега, производи за одржување на хигиена во домаќинствата.

Акционерско друштво во приватна сопственост „**АСНОВА ХОЛДИНГ** е со предмет на работење - други финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови, неспомнати на друго место

Акционерско друштво во приватна сопственост **„САВ 92“, е** со предмет на работење – Неспецијализирана трговија на големо.

Предс проведување на концентрацијата Акционерско друштво во приватна сопственост „САВ 92“ ќе стекне 100% од основната главнина на  следните друштва во Украина:

- Друштво со ограничена одговорност „БЕНИЦЕ“, со седиште на улица Миколи Краснова бр. 27, Киев, 03115, Украина, со предмет на работење – Неспецијализирана трговија на големо;

- Друштво со ограничена одговорност „САВСЕРВИЦЕ-МОВА“, со седиште на улица Миколи Краснова бр. 27, Киев, 03115, Украина, со предмет на работење – Неспецијализирана трговија на големо со храна, пијалаци и производи од тутун;
- Друштво со ограничена одговорност „ПРОМО СЕРВИЦЕ“, со седиште на улица Миколи Краснова бр. 27, Киев, 03115, Украина, со предмет на работење – Маркетинг агенции;

Пред концентрацијата Акционерско друштво во приватна сопственост „АСНОВА ХОЛДИНГ“ поседуваат 100% од акциите на Акционерско друштво во приватна сопственост „САВ 92“;

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

01.08.2023 година
Скопје